Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НАРЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

__________________

__________________

СКОПЈЕ

**До**
**Претседателот на**
**Судскиот совет на РСМ**

# ИЗВЕШТАЈ

од работна посета во Основен суд С.

Согласно Заклучокот за работна посета бр.02-1050/1 од 18.05.2023 година, на ден 23.05.2023 година - Вторник беше извршена посета во Основен суд С. од страна на Работна група во состав од: З.Г. – Координатор за Основен суд Струмица, м-р.И.Н. и М.С. - членови на Советот. Одговорен член на Советот е З.Г. Во рамките на работната посета се изврши увид во работата на судиите во Основен суд С., согласно член 20 став 3 од Судскиот деловник, и тоа дали се почитуваат законските рокови за преземање на процесни дејствија, дали се почитуваат законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, дали постои евентуален застој во работата на судиите, причините за застојот, понатаму каква е состојбата со старите предмети во судот, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа и други работи.

За успешно реализирање на посетата, претходно се обезбедени податоци од извештајот на Судскиот совет на РСМ за работата на овој суд, како и извештај за стари нерешени предмети. Воедно се имаа во предвид и беа разгледувани претставките доставени до Судскиот совет на РСМ, а кои се однесуваат за Основен суд С.

При посетата на судот беше остварена средба со Претседателот на судот со кој е разговарано за состојбите во судот во однос на предметите, обемот на работа и ажурно решавање на истите, потоа екипираноста на судот со судии и судска служба.

Во судот по систематизација се предвидени 20 судиски места, а пополнети се 8 судиски места.

**I.Предмети врз кои изврши увид З.Г.:**

**1.<u>Предмет *П1.бр.46/20*</u>**

Тужба поднесена на 03.07.2020 година. На расправа од 30.09.201 година постапката е во прекин за што судот донел решение за прекин на постапката од 30.09.2021 година до превземање на наследник бидејќи тужената починала. Предлог од тужителите за продолжување на постапката од 21.12.2021 година, судот го одбива бидејќи не биле исполнети условите. Повторно предлог од тужителите за продолжување на постапката од 01.11.2022 година, судот повторно го одбива бидејќи не биле исполнети условите за продолжување на постапката. Последно решение на судот со кое сеуште не биле исполнети условите за продолжување на постапката е од 11.05.2023 година.

**Заклучок:** Предметот сеуште не е завршен заради недоставување на уреден предлог за продолжување на постапката, кое нешто зависи од странките во постапката.

**2.<u>Предмет *П1.бр.60/20*</u>**

Предметот е во Апелациониот суд Ш. заради одлучување по поднесена жалба од 20.09.2022 година. Истиот е споен со предметот П1.бр.45/21.

**3.<u>Предмет *Малв.П.бр.195/20*</u>**

Тужбата по предметот била поднесена на 17.12.2020 година. По предметот биле одржани 6 рочишта. Првото било одржано на 02.03.2021 година, потоа на 19.04.2021 година, па на 08.06.2021 година. Четвртото било на 22.10.2021 година кога е одлучено да се направи вештачење. Потоа се чека на вештачењето во период од 10.11.2021 година па се до 11.04.2023 година кога истото било изготвено и се наоѓа во списите по предметот. Рочиште одржано на 02.05.2023 година како продолжение на доказната постапка, за потоа на 12.05.2023 година кога на јавна распарава била донесена одлука со која се одбива тужбеното барање.

**Заклучок:** Постапката по предметот била одолговлекувана заради изготвување на вештачење кое траело скоро 1 година и 6 месеци.

**4.<u>Предмет *П4.бр.14/22*</u>**

Тужбата била поднесена на 31.07.2020 година. Првата расправа била на 02.04.2021 година, потоа на 19.05.2021 година и на 31.05.2021 година кога била донесена пресуда со која била усвоено тужбеното барање. По поднесена жалба Апелациониот суд Ш. со решение ГЖ.бр.609/21 од 03.03.2022 година

истата ја укинал. Во повторно постапување судот одржал расправа на 25.10.2022 година, а потоа на 10.05.2023 година кога била доказната постапка. Рочиштето за објава на одлука е закажана за 23.05.2023 година.

**Заклучок:** Постапката по предметот била одолговлекувана заради фактот што предметот бил укинат од страна на второстепениот суд.

**5.<u>Предмет *П1.бр.52/19*</u>**

Тужбата била поднесена на 21.06.2019 година. Поднесено барање за изземање и донесено решение за изземање од 05.07.2019 година. Прво рочиште на 16.11.2021 година, а второ на 21.01.2022 година кое било одложено заради отсуство на тужениот. На третото рочиште на 20.10.2022 година постапката започнала одново заради нов судија по предметот. Заради решавање на претходно прашање постапката ставена во мирување се до правосилно завршување на постапката по предметот П1.бр.59/21. По завршување на истата заради економичност судот го прибавува предметот и закажува рочиште на 07.12.2022 година на кое се спроведува доказна постапка, а на 24.01.2023 година се врши увид на лице место. Расправата од 27.04.2023 година се одлага заради потреба од распит на странки и истото се спроведува на рочиштето од 23.05.2023 година. Објава на одлука е закажано за 05.06.2023 година.

**Заклучок:** Постапката по предметот била одолговлекувана заради изземање на судечкиот судија и заради чекање на завршување на предметот П1.бр.59/21.

**II.Предмети врз кои изврши увид м-р.Ивица Николовски:**

**1.**Извршен е увид во предмет <u>СТ бр.37/18 и СТ.бр.49/18</u>,од увид во списите е констатирано,на раабота кај судија Р.М., распоредена да постапува по предмети заведени во уписник СТ, Изјавени два предлози од доверители за отварање на стечајна постапка над должникот ДТУУ П. Р.,стечајниот судија ги превзел сите потребни процесни дејствија,како и донел одлуки со кои е овозможео уредно водење на постапката. Предметот е во завршна фаза и наскоро се очекува Заклучување на стечајната постапка.

**Заклучок**: По предметот на овој спор сметам дека се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

**2.**Увид во предмет <u>СТ бр.11/19</u>, отворена стечајна постапка над должникот ДПНПТ Г. АД Р., распореден кај судија Р.М., во согласност со годишен распоред на работа и електронска распределба на предметите. Од увид во списте на предметот од моја страна е констатирано уредно ажурно постапување од страна на судијата, предметот е во фаза на конечна распределба на стечајната маса, со реализација следи заклучување на стечајната постапка.

**Заклучок**: По предметот на овој спор сметам дека се превземени уредно и навремено сите процесни дејствија.

**3.**Увид во предмет <u>СТ бр.1/19</u>, отворена стечајна постапка, во која стечаен судија е судијата Р.М., отворена стечајна постапка над должникот ДПТУ Р. ДОО Р. од увид во предметот констатирав од страна на судијата се

превземени сите процесни дејствија за водење на постапката, најпрвин е спроведена предходна постапка,по што е отворена стечајна постапка, во која е определен стечаен управник, формирани органите на постапката,пријавени побарувања, попис на имотот на должникот, одржано испитно рочиште, одржано собрание на доверители, донесена е одлука за ликвидација на деловниот потфат на должникот, затекнатата стечајна маса е продадена, следи фаза на конечна распределба и заклучување на стечајната постапка.

**Заклучок**: Од увид во списите на предметот, констатирав уредно воден од страна на Стечајниот судија,временскиот период на траење на постапката е во врска со презамањето на потребните процесни дејствија за завршување на постапката.

**4.**Увид во предмет <u>СТ.бр 12/18</u>, отворена стечајна постапка над должникот ДПТУ А. ДООЕЛ Струмица, уредно и соглано електронска распределба на работа кај судија Р.М., преземени сите процесни дејствија за уредно водење на стечајната постапка, со одлука деловниот потфат на должникот да се ликвидира со распределба на стечајната маса на доверителите. Во конкретниот предмет времетраењето на постапката е поврзана со поведување на повеќе спорови-имотни,поведени од страна на стечајниот управник за наплата на побарувања на должникот од неговите должници и реализација-впаричување на должниковото разлачно право. По завршување со правосилна одлука на започнатите спорови следи заклучување на постапката.

**Заклучок**: Од увид во списите на предметот, констатирав уредно воден од страна на Стечајниот судија, временскиот период на траење на постапката е во врска со презамањето на потребните процесни дејствија за завршување на постапката.

**5.**Увид во предмет <u>СТ.бр.60/18</u>, отворена стечајна постапка над должникот АД С.Т. Струмица, уредно водена постапка со донесување на сите одлуки од страна на Стечајниот судија,постапката оди во насока на ликвидација на деловниот опотфат на должникот, со продажба на стечајната маса а за намирување на стечајните доверители, предметот е во фаза на усвоен предлог за конечна распеделба поднесен од страна на стечајниот управник.

**Заклучок:** Од увид во предметите констатирано е уредно, ажурно и навремено преземање на предвидените со закон процесни дејствија и одлуки предвидени во ЗС, исто така од превземените процесни дејствија на стечајниот судија констирав дека истиот при постапување со доделените предмети уредно ја извршува контролната улога како орган во стечајната постапка.

**III.Предмети врз кои изврши увид М.С.:**

**<u>1.Предмет КМ 817</u>** (Судија М.А.)

Барање за поведување на подготвителна постапка спрема дете за сторено кривично дело Тешка кражба од чл.236 ст.1 т.1 од КЗ. Во предметот е постапено така што е доставено известување од МВР Р. под бр.51/17 од 17.03.2017 година, известување до ОЈО С., а исто така е донесено и решение Су.бр.82/17 за поставување на бранител по службена должност. Записник

КОД.бр 7/2017 од 11.04.2017 година со земање на лични податоци и испитување на дете во присуство на неговиот законски застапник, записник за испитување на сведок од 03.05.2017 година, поднесок до адвокат, потоа Наод и мислење од стручен тим од ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Р. со предлог-укор –како воспитна мерка од 08.05.2017 година. Предлог од ОЈО за примена на воспитна мерка спрема дете од 11.05.2017 година. Записник за главна расправа од 23.05.2017 каде биле присутни застапник на обвинението, а не бил присутен дете и неговиот законски застапник, при што било донесено решение спрема дете да се изрекува воспитна мерка-укор под бр.КМ-8/17 од 23.05.2017 година, и истото решение било доставено до ОЈО С., адвокат, законски застапник-родител на дете како и до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Р. Со решение КСМбр.4/20 од 13.01.2020 година, настапил бришење од евиденција воспитна мерка - Укор спрема дете Б.И., по сила на закон, согласно на чл.73 ст.1 од Законот за правда на деца, и предметот е архивиран со ознака а/а.

**2.Предмет КУИКП 64/13** Врска КУИКП-202/13,120/13 (Судија-Б.Б. и Е.Г.).

Од увид во предметите се констатира дека истите се однесуваат на двајца обвинети лица М.К. и В.К. за сторено кривично дело - Разбојништво по чл.237 ст.1 од КЗ и осудувани по кривични предмети К-23/11, и К- 203/13 првообвинетиот на казна затвор во траење од 7-седум години, а второобвинетиот на казна затвор во траење од 5-пет години, како и други сторени кривични дела по други предмети. Видно од списите на предметите е дека по оформени Куикп предмети, издадени се упатни акти од 05.02.2014 година. Од страна на МВР имал известување за повеќе КУИКП предмети дека осудените лица не се јавиле на издржување на казни во КПД Ш., при што на 31.08.2012 е издадена наредба за распишување на потерница против осудените кои биле недостапни, па на 26.01.2018 до МВР, пратени се ургенци за распишување на меѓународна потерница, исто така и Барање за екстрадиција од Р.Србија, потоа и други испратени писма со цел судот да биде известен за фаза во која се наоѓа екстрадицијата. Од Министерство за правда на РСМ на 19.07.2019 година, под бр.576/2019 стигнал решение од Виш суд Чачак Р.Србија со кое не се дозволува екстрадиција на лица, по што предметот се сметал за завршен.

**3.Предмет К-90/20** (Судија-Ц.К.)

Од увид во предметот може да се констатира дека кривичниот предмет е оформен по подигнување на обвиниотелен предлог КО 588/19 од 26.02.2020 година против обвинетиот К.Т. за сторено кривично дело од чл.297 ст.1 од КЗ, со предлог листа на докази за испитување на тројца оштетени и изведување на писмени докази во текот на расправата. Од предметот може да се констатира дека од страна на судијата е постапено веднаш и била закажана распраба на ден 21.04.2020 година каде бил присутен застапник на обвинението, но не бил присутен обвинетиот за кого била вратена покана непобарал, при што за расправата се презакажал за на 16.06.2020 година, каде бил присутен обвинетиот, но истиот барал да се одложи расправата со цел да се подготви за неговата одбрана и расправата била закажана за 31.08.2020 година, на која расправа биле исполнети сите законски претпоставки за одржување на истата,

при што  биле земени лични податоци на обвинетиот, се одржал доказна постапка со изведување на писмените докази како и распит на оштетени во својство на сведоци, но расправата била одложена заради подготвење на супервештачење од Биро за судско вештачење Скопје од 21.08.2020 година, и целиот период и покрај повеќебројни ургенции од страна на судот во текот на 2021 и 2022 година до Бирото вештачењето не било изготвено со оглед да не било најдено соодбетно лице, па се до  14.03.2023 година кога вештачењето било изготвено од страна на Бирото за судско вештачење Скопје и вратен предмет со сите списи на ден 14.03.2023 година и по проучење на истото, судот веднаш на 15.05.2023 година закажа главна расправа, па поради протек од 90 дена расправата започнала од ново при што пак се земени лични податоци на обвинетиот, на која расправа обвинетиот ја признал вината и во доказната постапка биле изведени само доказите по однос на кривичната санкција и биле дадени завршни зборови, така што предметот бил завршен и изготнева пресуда од 16.05.2023 година  со која обвинетиот бил огласен за виновен и на истиотму било изречена условна осуда.

На крај од посетата во судот беше остварена средба со судиите од судот од сите оддели со цел укажување на заклучни согледувања од посетата на Работната група, разјаснување на некои проблеми во работата на судиите и решенија за истите, некои предлози за подбрување на работата во судот и сл.

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Координатор за Основен суд Струмица,**
**З.Г.**

__________________________

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Член на работна група,**
**м-р.И.Н.**

__________________________

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Член на работна група,**
**М.С.**

__________________________